**Јавен повик за упис во Регистар за достапни локации кои можат да бидат предмет на продажба или давање под закуп за можни локации, хали, објекти, канцеларии, капацитети и сл. кои можат да бидат предмет на продажба или давање под закуп за можни greenfield и brownfield инвестиции на територијата на Општина Свети Николе**

Одделение за локален економски развој и јавни дејности при Општина Свети Николе врши изработка на:

- **Регистар на достапни локации кои можат да бидат предмет на продажба или давање под закуп за можни greenfield инвестиции на територијата на Општина Свети Николе**, и

- **Регистар на достапните локации, хали, објекти, канцеларии, капацитети и сл. кои можат да бидат предмет на продажба или давање под закуп за можни brownfield инвестиции на територијата на Општина Свети Николе**.

Сите правни или физички лица, може да достават документација за упис во самите Регистри. За упис во самите Регистри се потреби следниве документи:

- **Барање за упис во Регистар**

Кон Барањето задолжително се приложуваат и следниве документи:

- **Потполнет образец** (бројот на потполнети образци во едно Барање не е ограничен), Стандардниот образец е достапен на WEB – страницата на Општина Свети Николе www.svetinikole.gov.mk или може да подигнете во Канцеларијата за ЛЕР при Општина Свети Николе како и да побарате образец и потребна документација во електронска форма на следнава е-маил адреса: ler@svetinikole.gov.mk;
- **Имотен лист** за локациите и објектите коишто се предмет на самото барање - копија или оригинал;
- **CD** - електронска форма на потполнетиот образец, фотографии, графички приказ или ситуациона поставеност на самата локација односно објектот/ите којшто се предмет на Барањето или доставување на истите по пат на електорнска пошта на ler@svetinikole.gov.mk;
- Уплата на име **Административна такса** во висина од 50 денари-оригинал;
- Копија од Лична карта за физички лица односно копија или оригинал од Тековна состојба од Централен регистар за правни лица.

Регистрите понатаму ќе бидат доатапни за сите заинтересирани инвеститори во Општина Свети Николе, како и доставени до Регионалните и Националните центри за бизнис и инвестиции, Стопански комори и др, како и на WEB страната на Општина Свети Николе www.svetinikole.gov.mk како и дел од промотивните материјали за преставување на можностите за инвестиции во Општина Свети Николе.

Пријавувањето на заинтересираните физички и правни лица ќе се врши континуирано од денот на објавување на јавниот повик.

Се повикуваат сите заинтересирани физички и правни лица, да ги достават своите Барања за упис директно до Канцеларијата за локален економски развоји Приземје канцеларија бр. 11 или по Пошта на следнава адреса:

Општина Свети Николе
Одделение за локален економски развоји јавни дејности
Плоштад Илинден бр. 12,
2220 Свети Николе
Со назнака: Барање за упис во регистар за инвестиции

Нецелосните Барања и непотполната документација нема да се земат во предвид при понатамошната обработка.

Телефон за контакт: **032/444-169** локал **124**
е – mail за контакт: ler@svetinikole.gov.mk
Канцеларија за ЛЕР – Приземје канцеларија бр. 11

Со Почит,

Изработил: Ивица Арсов

Контролирал/Одобрил Кирил Макаровски

Градоначалник
На Општина Свети Николе

________________________

М-р. Сашо Велковски